**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 29 декември 2017 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: ноември 2017 година

- Во ноември 2017 година, каматната стапка на вкупните кредити изнесува 5,8% и бележи месечен пад од 0,1 п.п., додека каматната стапка на вкупните депозити се задржа на нивото од 1,5%, на кое била и во претходните четири месеци.

- Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити во ноември изнесува 5,1% и е непроменета во последните три месеци. Просечната каматна стапка на новопримените депозити во овој месец изнесува 1,3%, со евидентирано месечно намалување од 0,1 п.п..

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити

| | 11.2016 | 12.2016 | 1.2017 | 2.2017 | 3.2017 | 4.2017 | 5.2017 | 6.2017 | 7.2017 | 8.2017 | 9.2017 | 10.2017 | 11.2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **6.2** | **6.2** | **6.2** | **6.1** | **6.1** | **6.1** | **6.0** | **6.0** | **5.9** | **5.9** | **5.9** | **5.9** | **5.8** |
| Корпоративен сектор | 5.9 | 5.8 | 5.8 | 5.7 | 5.7 | 5.6 | 5.6 | 5.5 | 5.4 | 5.4 | 5.4 | 5.4 | 5.3 |
| Домаќинства | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.4 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.7** | **5.3** | **5.9** | **5.4** | **5.4** | **5.3** | **5.5** | **5.2** | **5.4** | **5.2** | **5.1** | **5.1** | **5.1** |
| Корпоративен сектор | 5.7 | 5.2 | 5.9 | 5.1 | 5.2 | 5.1 | 5.4 | 5.0 | 5.2 | 5.0 | 4.7 | 4.8 | 4.9 |
| Домаќинства | 5.8 | 5.6 | 5.9 | 5.9 | 5.8 | 5.7 | 5.8 | 5.7 | 5.7 | 5.7 | 5.8 | 5.6 | 5.5 |
| **Вкупни депозити** | **1.8** | **1.8** | **1.7** | **1.7** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.5** | **1.5** | **1.5** | **1.5** | **1.5** |
| Корпоративен сектор | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 1.9 | 1.8 | 2.0 | 2.0 | 1.9 |
| Домаќинства | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.6 | 1.6 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 |
| **Новопримени депозити** | **1.7** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.4** | **1.4** | **1.4** | **1.5** | **1.2** | **1.3** | **1.3** | **1.4** | **1.3** |
| Корпоративен сектор | 1.6 | 1.5 | 1.3 | 1.3 | 1.1 | 1.0 | 1.1 | 1.2 | 1.0 | 1.0 | 1.2 | 1.0 | 1.0 |
| Домаќинства | 1.8 | 1.8 | 1.7 | 1.8 | 1.6 | 1.6 | 1.6 | 1.6 | 1.3 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 1.6 |

Извор: НБРМ.

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види методологија http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[2]







Извор: НБРМ.

- Каматната стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор оствари месечно намалување од 0,1 п.п. и изнесува 5,3%. Притоа, анализирано од аспект на валутната структура на одобрените кредити, минимална надолна промена е евидентирана кај каматните стапки на сите компоненти и тоа: кај денарските кредити со и без валутна клаузула (за 0,2 п.п. и 0,1 п.п., соодветно) и кај кредитите во странска валута (за 0,1 п.п.). На годишна основа, оваа каматна стапка бележи намалување од 0,6 п.п..

- Каматната стапка врз која се одобрувале нови кредити на корпоративниот сектор во ноември изнесува 4,9%, што претставува месечно зголемување од 0,1 п.п.. Месечниот раст е детерминиран од зголемувањето на каматните стапки кај денарските кредити со валутна клаузула и кредитите одобрени во странска валута (од 0,2 п.п. и 0,1 п.п., соодветно), наспроти падот кај каматната стапка на денарските кредити без валутна клаузула (од 0,1 п.п.). Споредено со истиот месец минатата година, оваа каматна стапка е пониска за 0,8 п.п..

---

[2] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор се однесува на нефинансиските институции (јавни и останати).







Извор:НБРМ.

– Во ноември каматната стапка на вкупните примени депозити од корпоративниот сектор изнесува 1,9%, при месечен пад од 0,1 п.п. кој е резултат на намалувањето кај каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула и каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,1 п.п., соодветно). Споредено на годишна основа, кај оваа каматна стапка е регистрирано намалување од 0,2 п.п..

– Каматната стапка на новопримените депозити[3] на корпоративниот сектор на месечна основа не оствари промена и се задржа на нивото од 1,0%. Во однос на ноември минатата година, оваа каматна стапка бележи намалување од 0,6 п.п..

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[4]







Извор: НБРМ.

[3] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.

[4] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Споредено со минатиот месец просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на домаќинствата во ноември е намалена за 0,1 п.п. и изнесува 6,4%. Притоа, минималната надолна промена се должи на падот кај каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула и кај каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,1 п.п., соодветно). Споредено со ноември 2016 година, оваа каматна стапка е пониска за 0,2 п.п..

– Каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата во ноември изнесува 5,5%, што преставува минимална надолна промена од 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец. Анализирано на годишна основа, кај оваа каматна стапка е забележано намалување од 0,3 п.п..







Извор: НБРМ.

– Од април годинава просечната каматна стапка на вкупните депозити од домаќинствата се одржува на ниво од 1,5%. Анализирано на годишна основа, кај оваа каматна стапка е забележано намалување од 0,2 п.п..

– Просечната каматна стапка на новопримените депозити[5] од домаќинствата овој месец забележа намалување од 0,1 п.п. и изнесува 1,6%. Минималното намалување кај оваа категорија произлегува од падот на каматните стапки кај сите категории т.е. кај денарските депозити, со и без валутна клаузула (за 0,9 п.п. и 0,1 п.п., соодветно), како и кај девизните депозити (за 0,1 п.п.). Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,2 п.п..

[5] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Месечни податоци за каматните стапки: 31 јануари 2018 (референтен пресек заклучно со декември 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).